До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање за мислење за можен судир на интереси, во врска со тоа дали лицето има право да учествува како актер во телевизиска серија која е поддржана од МРТ, во која лицето е предвиден да учествува пред да биде именуван за член на Програмскиот совет на МРТ со Одлука за именување на членови на Програмскиот од страна на Собранието на РСМ. Исто така, во барањето се напоменува дека за учество во телевизиската серија лицето нема да добива никаков паричен надоместок од таа продукција.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 44 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

„(1) Избрано или именувано лице за време на траењето на неговиот мандат е должно да ги почитува правилата за **неспоивост на функција која ја врши со други функции или дејности утврдени во Уставот и законите.**“

Согласно член 119 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Редакциски пречистен текст: "Службен весник на РСМ" бр. 184/2013; 13/2014; 44/2014; 101/2014; 132/2014; 13/2016; 142/2016; 132/2017; 168/2018; 248/2018; 27/2019; 154/2019; 42/2020; 90/2020; 140/2020; 2/2021; 48/2021; 77/2021; 154/2023; 55/2024; 193/2024) е предвидена неспоивоста на функции на членовите на Програмскиот совет на МРТ:
„(1) Членови на Програмскиот совет на МРТ не можат да бидат:

- пратеници, членови на Владата, именувани или избрани функционери, раководни лица во државен орган, орган на државната управа, единица на локалната самоуправа или регулаторни тела, директори или членови на управни одбори на јавни претпријатија,
- лица кои во последните пет години биле носители на јавни функции или биле раководни лица во орган на политичка партија или верска заедница,
- лица вработени во МРТ и **надворешни лица со кои МРТ има склучено договор за извршување на одредени работи,**
- лица кои извршуваат должност во органите на политичка партија и
- лица кои, како сопственици на удели или акции, како членови на органи на управување, или како вработени, имаат интерес во други радиодифузери, новински агенции, друштва за реклама и пропаганда, друштва за истражување на пазарот и јавното мислење, друштва за филмска дистрибуција, друштва за филмска продукција или на друштва кои обезбедуваат јавни електронски комуникациски мрежи и услуги.

(2) Доколку за време на мандатот на член на Програмскиот совет на МРТ се исполни некој од условите од ставот (1) на овој член истиот е должен да го извести претседателот, односно заменикот на претседателот на Програмскиот совет на МРТ.“

Имено, согласно цитираните забрани за вршење на други дејности од член 44 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а во врска со член 119 став (1) алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, не може лицето да биде член на Програмскиот совет на МРТ доколку има склучен договор со МРТ за извршување на одредени работи, во тој случај потребно е да се извести претседателот, односно заменик на претседателот на Програмскиот совет на МРТ.

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**